# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 30.6.2017 год.<br>Скопје<br>Број 10 год. XII | Претплатата за 2017 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |




www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


**јуни 2017 година**

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Програма за измена и дополна на Програмата за здраствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2017 година, со Решение за објавување ........................................ 1 - 2

- Одлука за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност, со Решение за објавување ................ 3 - 5

- Одлука за доделување парични средства на БАНЕ‘С ЏИМ -Скопје, со Решение за објавување .............................................................. 6 - 7

- Одлука за доделување финасиски средства на Биљана Петреска, со Решение за објавување .............................................................. 8 - 9

- Одлука за доделување парични средства на кошаркарскиот клуб „Младинец‟-Скопје, со Решение за објавување ................................ 10 - 11

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ‟ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополна на Програмата за здраствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2017 година**

Се објавува Програмата за измена и дополна на Програмата за здраствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2017 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година.

Бр. 09-2819/3
29.6.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02, член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 79/09) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на Програмата за здраствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2017 година**

1. Во Програмата за измена и дополна на Програмата за здраствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2017 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 19/16), се врши измена и дополна само во контекст на содржинскиот дел, без притоа да се воведе било каква измена и дополна во финансискиот дел на Програмата. Измената гласи:

Во точка 11 - Програмска активност: „НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ И НЕГОВАТЕЛКИ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ“, содржинскиот дел се дополнува со: „Од оваа година за прв пат во циклусот на наградување на најдобрите се вклучуваат и главните готвачи/чки од матичните објекти за детските градинки во Општина Центар-Скопје“.

2. Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2819/2
29.6.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност**

Се објавува Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година.

Бр. 09-2819/5
29.6.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 5/02) и Дел IV, точка 1 од Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2017 година („Службен гласник на Општина Центар“ број 19/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување конкурс за избор на проекти**
**од областа на сценската уметност**

**Член 1**

Заради реализација на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2017 година во делот за финансиска поддршка на проекти и институции, да се објави конкурс за финансирање на проекти од локален интерес во областа на сценската уметност.

Со конкурсните услови да се обезбеди конкуренција на квалитетни проекти за театарски претстави, фестивал на денс и движење, концерти, кино за прикажување на современиот европски филм и место за изразување на младата македонска културна сцена.

**Член 2**

Средствата за финансиска поддршка на проектите од член 1 на оваа Одлука во висина од **4.500.000,00** денари се обезбедени со Програмата за култура и со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2017 година.

**Член 3**

За спроведување на конкурсната постапка за избор на проекти од локален интерес во областа на сценската уметност се формира Комисија во состав:

Претседател:
- Весна Милосавлевска, член на Советот на Општина Центар-Скопје.

Членови:
- Илија Илијовски, член на Советот на Општина Центар-Скопје и
- Офелија Ивановска, од редот на вработените.

**Член 4**

Комисијата од предходниот член на оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на конкурсот ќе му достави на Градоначалникот предлог за избор на проекти од локален интерес во областа на сценската уметност.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2819/4
29.6.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парични средства на БАНЕ‘С ЏИМ-Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување парични средства на БАНЕ‘С ЏИМ - Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година.

Бр. 09-2819/7
29.6.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парични средства на**
**БАНЕ`С ЏИМ-Скопје**

**Член 1**

На Здружението на граѓани клуб за боречки вештини БАНЕ`С ЏИМ-Скопје му се доделуваат парични средства во износ од 120.000,00 денари за спроведување на активностите на клубот.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2017 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2819/6
29.6.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на Биљана Петреска**

Се објавува Одлуката за доделување финасиски средства на Биљана Петреска,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година.

Бр. 09-2819/9
29.6.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување финансиски средства на Биљана Петреска**

**Член 1**

На Биљана Петреска, професор по хемија во СУГС гимназија „Раде Јовчески-Корчагин“-Скопје ѝ се доделуваат финансиски средства од 60.000,00 денари заради учество на Филип Трајковски, ученик во IV година, и на Антонио Андоновски, ученик во III година во СУГС гимназија „Раде Јовчески-Корчагин“-Скопје на Интернационалната хемиска олимпијада во Тајланд, Бангкок.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2017 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2819/8
29.6.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парични средства на кошаркарскиот клуб „Младинец“-Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување парични средства на кошаркарскиот клуб „Младинец“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 75-та седница, одржана на 22.6.2017 година и на 29.6.2017 година.

Бр. 09-2819/11
29.6.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 75-та седница, одржана на 22.29.2017 година и на 29.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парични средства на**
**кошаркарскиот клуб „Младинец"-Скопје**

**Член 1**

На кошаркарскиот клуб „Младинец"-Скопје му се доделуваат парични средства во износ од 100.000,00 денари за учество на натпревари.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2017 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2819/10
29.6.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Цветанка Симоновска с.р.